Врз основа на член 469 став (6) од Законот за трговски друштва (“Службен весник на Република Македонија”, број 28/04, 84/05, 25/07 и 87/08), министерот за финансии донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ВОДЕЊЕ СМЕТКОВОДСТВО [i]

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува водењето сметководство во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување и Меѓународниот стандард за финансиско известување за мали и средни субјекти..

**Член 2**

Меѓународните стандарди за финансиско известување од член 1 од овој правилник ги содржат Меѓународните сметководствени стандарди (МСС), Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ), Толкувањата на Постојниот комитет за толкување (ПКТ), Толкувањата на Комитетот за толкување на меѓународното финансиско известување (КТМФИ) утврдени од Одборот за меѓународни сметководствени стандарди (ОМСС), кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

**Член 2-а**

Меѓународниот стандард за финансиско известување за мали и средни субјекти е даден во прилог и е составен дел на овој правилник

**Член 3**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за водење на сметководството ("Службен весник на Република Македонија" бр. 94/04, 11/05 и 116/05).

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2010 година.

Број 12-
декември 2009 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р Зоран Ставрески

[ii] Овој Правилник е објавен во Службен весник број 159/09,164/10 и107/11